Провизиите и останатите трошоци се признаваат во добивката или загубата на пресметковна основа.

**Трошоци и надоместоци на фондот:**

- *Трошоци за управување на Фондот*

На годишно ниво Друштвото наплатува надоместок за управување со средствата во висина од 2,5% од вредноста на имотот на Фондот пресметан согласно законските и подзаконските акти и тој во целост му припаѓа на Друштвото. Надоместокот се пресметува на дневна основа, по пресметка на вредноста на имотот на Фондот, и претставува процентуален дел од вредноста на имотот на Фондот намален за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти, кој се добива откако годишниот процент ќе се подели со 365 денови. Друштвото го наплатува надоместокот за управување наредниот месец за претходниот, како збир на сите дневни вредности на надоместокот пресметан за претходниот месец.
Надоместокот се пресметува врз основа на дневна вредност на Фондот, а по следнава формула:

*остварен годишен надоместок за управување x 1/365.*

- *Надоместок на депозитарната банка*

Друштвото на товар на имотот на Фондот плаќа надоместоци и трошоци на депозитарната банка за работите што се дефинирани во договорот со депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење работи на депозитарната банка. На товар на имотот на Фондот, Друштвото ѝ плаќа на депозитарната банка надоместок на годишно ниво во зависност од висината на вредноста на имотот на Фондот намален за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти, со примена на следниве стапки:

| | | |
|---|---|---|
| - | До 1.000.000.000 денари | 0,21% |
| - | Од 1.000.000.001- 1.800.000.000 денари | 0,19% |
| - | Над 1.800.000.001 денари | 0,17% |

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.5. Признавање на трошоците и приходите (Продолжува)

Исто така, на товар на имотот на Фондот, Друштвото ѝ плаќа на депозитарната банка за трошоците за субдепозитарна банка. Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци.

- *Трошоци поврзани со купупродажба на имот на Фондот*

Во оваа група спаѓаат сите трошоци поврзани со купување и продавање на имот на Фондот, како што се:
- трошоци за брокерски провизии;
- берзанска такса;
- централен депозитар за хартии од вредност;
- даноци;
- други трошоци поврзани со порамнување на трансакциите.

Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции и тие се на товар на имотот на Фондот. Трошоците за купување и за продавање може да се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и од големината на налозите.

- *Останати трошоци од работење*

Други трошоци што ќе произлезат во текот на работењето, а се на товар на имотот на Фондот, се:

- трошоците за ревизија на финансиските извештаи на Фондот;
- трошоците за исплата на даноци на Отворениот фонд;
- трошоците за месечен надомест на КХВ
- други трошоци утврдени со закон.

Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

- *Трошоци за издавање и откуп на удели*

Надоместокот за издавање на удели (т.н. влезна провизија или „entry fee“) претставува надоместок кој инвеститорот го плаќа при секоја уплата во Фондот. Истиот се пресметува со примена на соодветни стапки објавени во Проспектот и Статутот на фондот во зависност од вложениот износ на средства. Акционерите на Друштвото се ослободуваат од плаќање на влезна провизија. Овој надоместок во целост му припаѓа на Друштвото и се пресметува како збир на сите влезни провизии за тековниот месец.

Надоместокот за откуп на удели од Фондот (односно излезна провизија) претставува надоместок кој ќе се наплати од инвеститорот доколку се повлечат инвестираните средства во рок пократок од една (1) година од моментот на купување на удели во Фондот. Во случај на повеќекратни уплати ќе се применува FIFO методот, каде исплатата на удели се врши по хронолошки редослед почнувајќи од првата регистрирана уплата. Надоместокот за откуп на удели се пресметува на вкупниот износ на исплатата, со примена на стапка од 1%.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.6. Конвертирање во странска валута и сметководствениот третман на позитивните / негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула

Ставките во Билансот на состојба и Билансот на успех искажани во финансиски извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Билансот на состојба.

Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход / расход во Билансот на успех.

### 2.7. Пари и парични средства

Парите и паричните средства се состојат од парични средства на денарските и девизните сметки отворени во Комерцијална банка АД Скопје (депозитарна банка) и на денарската сметка отворена во Прокредит банка АД Скопје. Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност.

### 2.8. Вложување во депозити

Вложувањата во депозити се состојат од краткорочни депозити отворени во повеќе комерцијални банки во Република Северна Македонија. Вложувањата во депозити се евидентираат по амортизирана набавна вредност. На ден 31.12.2023 година нема активни депозити орочени во домашни банки.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.9. Финансиски средства и обврски

***Признавање***

Друштвото почетно ги признава финансиските средства и обврски на Фондот мерени според амортизирана набавна вредност на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Фондот станува странка на договорните одредби на инструментот.

Финансиското средство или обврска почетно се мери според објективната вредност корегирано (за ставки кои не се за тргување) за трошоците за трансакцијата кои се директно поврзани со набавката или издавањето на финансиското средство или обврска.

***Класификација***

Фондот ја има следнава класификација на финансиски средства и финансиски обврски:

Финансиски средства:
- за тргување- должнички и сопственички хартии од вредност.
- кредити и побарувања - парични средства и парични еквиваленти, вложувања во депозити и останати побарувања.

Финансиски обврски:
- останати обврски по амортизирана набавна вредност - обврски кон брокерите и останати обврски.

Финансиското средство се класифицира за тргување, доколку:
- е набавено или е настанато со цел да биде продадено или откупено во блиска иднина;
- при иницијално признавање е дел од портфолиото кое е заеднички управувано и за кое постојат индикации за остварување на краткорочен профит; или
- е дериватив, различен од инструмент за хеџинг.

Недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања, можат да бидат класифицирани како “кредити и побарувања”, доколку не котираат на активен пазар, или доколку е средство за кое што инвеститорот не може да поврати значаен дел од иницијалната инвестиција, а тоа не е последица од влошување на кредитната состојба.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.9. Финансиски средства и обврски (Продолжува)

***Депризнавање***

Друштвото ги депризнава финансиските средства на Фондот кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која значајно сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг, или кога Фондот ниту ги пренесува, ниту ги задржува сите значајни ризици и награди од сопственоста и не ја задржува контролата врз финансиското средство. Секој остаток од пренесените финансиски средства кои се креирани или задржани од Фондот се признаваат како посебно средство или обврска во Билансот на состојба.

При депризнавање на финансиските средства, разликата меѓу сметководствената вредност на средствата (или сметководствената вредност алоцирана на делот на пренесеното средство) и добиениот надомест (вклучувајќи го новото добиено средство намалено за претпоставената обврска) се признава во Билансот на успех како добивка или загуба.

Друштвото ги депризнава финансиските обврски на Фондот кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

***Нетирање***

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во Билансот на состојба на Фондот само кога Друштвото има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено.

***Принцип на мерење според амортизирана набавна вредност***

Амортизираната набавна вредност на финансиско средство или финансиска обврска е износот според кој што финансиското средство или обврска се мерат при почетното признавање, намален за отплатите на главницата, плус или минус акумулираната амортизација со употреба на методот на ефективна камата на било која разлика помеѓу почетно признаениот износ и износот при доспевањето, намален за евентуалните загуби поради оштетување.

***Принцип на мерење според објективна вредност***

Објективна вредност е износот за кој средството може да биде разменето, или обврската подмирена, помеѓу запознаени, спремни странки во нормална, комерцијална трансакција на датумот на мерењето.

Кај сопственичките и долгорочните должнички хартии од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија, за објективна вредност на денот на вреднување на средствата на Фондот се смета официјалната дневна просечна цена на определена хартија од вредност постигната на регулиран пазар.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.9. Финансиски средства и обврски (Продолжува)

За сопственичките хартии од вредност со кои се тргува во странство на пазарите на Европската Унија (“ЕУ”) и ликвидните пазари на земјите членки на ОЕЦД, објективната вредност се дефинира врз основа на цената на последната реализирана трансакција со тие хартии од вредност остварена на истиот ден на матичната берза на издавачот или берзата која е дефинирана како примарен извор на цената на предметната хартија од вредност, а цената е официјално регистрирана на финансиско-информацискиот сервис Блумберг.

Кај долгорочните должнички хартии од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија, за објективна вредност на денот на вреднување на средствата на Фондот се смета официјалната дневна просечна цена на определена хартија од вредност постигната на регулиран пазар. За должничките хартии од вредност со кои се тргува во странство на пазарите на Европската Унија (“ЕУ”) и ликвидните пазари на земјите членки на ОЕЦД, објективната вредност се дефинира врз основа на најдобрата куповна цена официјално регистрирана на финансиско - информацискиот сервис Блумберг.

### 2.10. Оштетување на финансиски средства

***Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност***

На секој датум на известување, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата (“случај на загуба”) и дека тој случај на загуба (или случаи) влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Биланс на успех.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.11. Нето вредност на имотот на Фондот

Пресметката на нето имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од КХВ.

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на истиот ден. Движењето на нето вредноста на имотот на Фондот во текот на 2023 година е даден во белешката 14 - Преглед за движење на вредноста на нето имотот на Фондот.

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на удели на Фондот на денот на вреднување. Нето вредноста по удел, вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд, сите зголемувања и намалувања на бројот на удели се пресметуваат и изразуваат во четири децимални места. Почетната цена на уделот во Фондот изнесува 100 Денари. Минималната уплата за купување на удели изнесува 1,000 денари. Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:

- Право на информираност;
- Сразмерно учество во нето добивката на Фондот, во согласност со Проспектот.
- Правото на учество во добивката, сопствениците на удели го остваруваат преку откуп, односно продажба на уделите, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци;
- Откуп на уделот од страна на Друштвото, на писмено барање на сопственикот; и
- Право на сразмерно учество во остатокот на ликвидационата маса на Фондот во случај на негова ликвидација.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 2.12 Средства на фондот и стратегија на вложувања

Средствата на Фондот се инвестирани согласно одредбите на Законот за инвестициски фондови со цел остварување на највисок принос во полза на сопствениците на удели во Фондот врз основа на принципите на сигурност, диверзификација на ризикот од инвестирање и одржување на адекватна ликвидност.

Имајќи ги во предвид состојбите и движењата на пазарите на капитал во текот на 2023 година, структурата на портфолиото на фондот беше во линија на оптималната структура на долг рок (50/50), каде учеството на должничките хартии од вредност и депозитите од една страна, и акциите од друга се движеше околу 48/46. Во процесот на креирање на портфолиото на фондот, а со цел обезбедување на висока ликвидност, средствата беа инвестирани во хартии од вредност кои се карактеризираат со висок обем на тргување и можност за нивно брзо конвертирање во пари и парични еквиваленти.

Во делот на сопственичките хартии од вредност, Друштвото настојуваше да обезбеди географска изложеност кон оние инструменти и сектори за кои веруваше дека ќе покажат подобри перформанси во иднина како резултат на тековните економски услови. Имено, тоа доведе до повремено менување на изложеноста (поголема или помала) кон одредени инструменти (односно класи на имот), земји (односно валути) со што би се обезбедила заштита на инвеститорите од евентуалните неповолни ценовни движења на финансиските инструменти. Ефектот на монетарната политика врз реалната економија беше главниот фактор кој ги движеше пазарите на капитал во текот на 2023 година. Оптимизмот кај инвеститорската јавност е на највисоко ниво поради убедувањето дека ФЕД ќе успее во намерата да обезбеди „софт лендинг“, односно рецесијата ќе биде избегната. Друштвото смета дека рекордните нивоа на индексите не ја одразува состојбата во реалната економија. Од овие причини, Друштвото ќе ја намали изложеноста кон издавачите со висока бета, високо ниво на долг и големите компании од ИТ сегментот кои претрпеа значителен ценовен раст изминатиот период за сметка на дефанзивните сектори.

Заклучно со 31 декември 2023 година вкупниот износ на средства под управување во о.и.ф. КБ Публикум – Балансиран изнесуваше 642.919,07 илјади денари (споредено со 551.774,72 илјади денари во 2022 година), и тоа:

- 30,3% од средствата на Фондот беа инвестирани во сопственички хартии од вредност и удели во Фондови на издавачи од странство. Во овој дел од портфолиото на Фондот најголемо учество имаа секторите: технологија, финансии, фармација, индустрија и трајни потрошни добра;
- 18,3% од средствата на Фондот беа инвестирани во сопственички хартии од вредност на издавачи од Македонија, и тоа со најголема изложеност во следните сектори: финансии, градежништво и услуги;
- 46,2% од имотот на Фондот беше инвестиран во хартии од вредност со фиксен приход. Вложувањата се во државни обврзници издадени од Република Македонија, Унгарија, Турција, Црна Гора, Албанија и Украина, како и корпоративни обврзници на домашни издавачи (Уни Банка) и издавачи од странство (Metinvest, Iutecredit, NLB Ljubljana, Evelin group, Abengoa, Banca Transilvania и Credit Bank of Moscow); и

- Останатиот дел од имотот на Фондот е вложен во депозити, пари и парични еквиваленти.

Во поглед на валутната структура, најголема изложеност на Фондот е кон субјекти во странство. Средствата деноминирани во ЕУР учествуваат со 55% од имотот на Фондот преку вложувањата во сопственички хартии од вредност и должнички хартии од вредност. Од останатите валути, околу 30% од имотот на Фондот е деноминиран во МКД (акции, депозити и пари и парични еквиваленти), додека околу 14% беше деноминиран во УСД. Имајќи предвид дека околу 70% од средствата се деноминирани во странска валута, големиот дел од имотот на Фондот е заштитен од ризикот поврзан со промена на девизните курсеви.

Основните податоци за Фондот се прикажани во следната табела.

**Табела 1**

| | 2023 година | 2022 година |
|---|---:|---:|
| Цена на удел на крајот на периодот | 189,4269 МКД | 169,2247 МКД |
| Принос (од основање) | 99,43% | 69,22% |
| Стандардна девијација (тековна година) | 4,3609% | 10,6801% |
| Стандардна девијација (последни 5 години) | 7,5492% | 7,4835% |
| Ризична класа (1-најниска, 7-највисока) | 4 | 4 |

Со влегувањето на светската економија во последниот квартал од 2023 година, неизвесноста и проблемите континуирано се зголемуваат и истите претставуваат сериозна закана за одржување на стапките на економски раст во иднина. Со исклучок на САД, првите знаци на забавување веќе се присутни во Азија додека поголемиот дел од Европа е веќе во рецесија. Згора на тоа, геополитичките тензии во светот континуирано се продлабочуваат. Покрај војната во Украина која трае скоро 2 години, како и тензиите помеѓу Кина и Тајван поттикнати од САД, блискиот исток е новата локација за можна конфронтација од пошироки размери како резултат на Израелско-Палестинскиот конфликт. Дополнителен притисок врз економската активност е монетарната политика која во последните 20 месеци се промени како резултат на инфлаторните притисоци. Оттука, ефектот од ваквата политика врз реалната економија беше главниот фактор кој ги движеше пазарите на капитал во текот на 2023 година. Глобалниот раст се очекува да забави во текот на следната деценија. Предвидувањата се дека учеството на трудот значително ќе се намали, додека акумулацијата на капиталот и побрзиот раст на продуктивноста ќе бидат носечките компоненти на растот. Глобалниот реален БДП се предвидува да порасне за 2,9% во 2023 година, што е намалување од 3,3% во 2022 година. Дополнително, трендот на забавување се очекува да продолжи и во текот за 2024 година и истиот би требало да достигне 2,5%. Причините за забавување на економскиот раст се високата инфлација и континуираното затегнување на монетарната политика. Во однос на региони, прогнозите за раст за 2024 година генерално се највисоки кај азиските економии, а најслаби во Европа и САД.

Пазарите на капитал во САД се под влијание на состојбите во реалната економија и економските индикатори од една страна, наспроти монетарната политика и сигналите што ги испраќа ФЕД од друга. Очекувањата на инвеститорската јавност се дека ФЕД ќе успее да се справи со инфлацијата без притоа да дојде посериозно забавување на економијата (рецесија). Економскиот раст во САД се покажа доста резистентен и покрај драстичното менување на монетарната политика. Најголемата светска економија сеуште е во фаза на

експанзија која во 3Q 2023 година забележа неочекувано висок раст од 4,6% сведен на годишно ниво. Меѓутоа, согласно проекциите истиот се очекува да забави во следните 3 до 6 месеци. Генералниот консензус е дека ова намалување ќе биде резултат на повеќе фактори. Прво, позитивниот ефект врз БДП од надворешно трговската размена во следниот период значително ќе се намали. Второ, вложувањата во недвижности од страна на приватниот сектор како и инвестициите од бизнис секторот се во надолен тренд. Трето, довербата на потрошувачите (мерено преку личната потрошувачка која се смета за главна движечка сила на економијата) се очекува да се намали како резултат на драматичното трошење на заштедите кои пораснаа за време на пандемијата, посегнување по 401k (пензиските сметки) за финансирање на тековните расходи, рекордно ниво на долг по основ на кредитни картички и потребата за сервисирање на студентските долгови откако падна одлуката на врховниот суд за нивно отпишување. Покрај инфлацијата, сите овие фактори ќе имаат дополнителен негативен ефект врз расположивиот доход, односно потрошувачката.

Од друга страна, фискалната експанзија и големите буџетски дефицити одат во прилог на динамизирање на економскта активност. Пазарот на труд исто така се покажа како доста резистентен. Невработеноста континуирано е под 4% (иако партиципацијата на работната сила е на многу ниско ниво изминатите 20 години). Бројот на апликации за помош поради губење на работните места постојано е под 300.000 лица, што практично се смета за позитивен сигнал на пазарите на капитал. Во однос на секторите, услугите остануваат водечка компонента во растот, додека производството бележи надолен тренд. Дополнителен оптимизам кај инвеститорите предизвикаа разултатите од третиот квартал за 2023 година. Над 80% од компаниите во S&P 500 објавија заработка по акција повисока од очекуваната, додека над 60% од нив објавија позитивни изненадувања во однос на приходите. Треба да се напомене дека дел од овие позитивни изненадувања беа резултат на ниско поставените очекувања. Првите знаци на слабост кај S&P 500 можат да се забележат во три клучни сегменти. Прво, од почетокот на годината единствено секторите ИТ и Комуникации забележаа значителен раст, посебно кај компаниите кои работат на проекти поврзани со вештачка интелегенција и големите технолошки мега компании. Тоа предизвика раст на индексите како резултат на нивното големо пондерирано учество, со што се создаде една привидна слика дека влегуваме во нова фаза на биков пазар и покрај песимистичките прогнози за 2023 година. Доколку се гледа пазарот без учеството на „7 величенствени“ тогаш растот е многу поумерен. Второ, поголем дел од компаниите во S&P 500 објавија негативни проекции за заработката по акција во последниот квартал од годината. Трето, коефициентот на цена/заработка за S&P 500 е над 20 за 2024 година што обично се смета за скап пазар.

ФЕД продолжува со затегнатата монетарна политика (високи каматни стапки и намалување на ликвидноста во системот) и покрај напредокот во намалување на инфлацијата. ФЕД исто така треба да води сметка и за горната граница на каматни стапки со цел евентуално да не предизвика нова должничка криза имајќи во предвид висината на јавниот и приватниот долг, како и драстично зголемените трошоци за финансирање. Тоа веќе се одразува врз способноста субјектите редовно да ги сервисираат долговите, додека проблемот дополнително ќе се зголеми имајќи предвид дека голем дел од постоечкиот долг доспева во следните неколку години.

Економските вести кои доаѓаат од ЕУ не се охрабрувачки. Најголемата европска економија е официјално во рецесија. Индустриското производство во најголемата економија во Европа бележи надолен тренд. Сличен тренд може да се забележи на ниво на цела ЕУ, иако интензитетот на падот во целина е многу поумерен. Треба да се напомене дека постојат одредени разлики помеѓу земјите во зависност од структурата на нивната домашна

економија. Во овој момент, оние земји каде доминираат производството и извозот во БДП (Германија, Холандија) имаат посериозни проблеми споредено со оние каде доминира секторот услуги (Шпанија, Португалија, Грција). Дополнително, економскиот раст е повисок кај земјите кои се енергетски (по)независни (како на пример Франција). Довербата на потрошувачите во ЕУ е сериозно разнишана како резултат на растот на општото ниво на цени, а посебно од ценовниот шок на енергенсите и недостатокот на енергија. Транзицијата кон обновливите извори на енергија ќе оди споро и покрај големите износи на средства кои се издвојуваат за оваа намена. Европското законодавство ги подигна таргетите од 32% на 42% учество на обновливите извори во вкупната потрошувачка до 2030 година (таргет кој е многу оптимистички за поголемиот број ЕУ членки). Големите (енерго-интензивни) индустриски капацитети се под голем финансиски притисок. Дел од нив се принудени привремено да го запрат производството бидејќи не се рентабилни на ова ниво на цени или го преместуваат производството во Кина. Во однос на монетарната политика, ЕЦБ продолжи со рестриктивната монетарна политика преку подигање на каматните стапки кои достигнаа 4,0%. Како резултат на ваквите неповолни трендови очекуваните стапки на раст се најниски споредено со останатите региони во светот.
Според проекциите на Светска Банка и ММФ растот во Македонија е проектиран на 1,7% за 2023 година, додека проекциите за 2024 и 2025 година се 2,5% и 2,9% соодветно. Истиот се очекува да биде придвижен од домашната и странска побарувачка и нето-извозот (под препоставка доколку дојде до нормализација на економските текови во Европа). Изминатиот период цените на домашните хартии од вредност бележат позитивна корелација со трендовите кои беа карактеристични за развиените пазари на капитал. Од друга страна, компаниите кои се составен дел од индексот МБИ 10 генерално покажаа голема резистентност успевајќи да ја задржат профитабилноста и дивидендната политика. Компаниите од банкарскиот сектор кои се составен дел од индексот МБИ 10 2023 беше рекордна година. 2024 година ќе биде година исполнета со низа неизвесности и предизвици. Од политички аспект, не треба да се изоставаат престојните претседателски и парламентарни избори закажани за април/мај. Од економски аспект, тука пред сѐ е прашањето дали ќе се оствари предвидениот економски раст од страна на НБРСМ и останатите меѓународни финансиски институции. Инфлацијата исто така претставува сериозен предизвик за домашната економија посебно во делот на енергијата. Надминувањето на несогласувањата со Бугарија и евентуалното дефинирање на датум за почеток на преговорите со ЕУ може да биде дополнителен позитивен имплус кај инвеститорската јавност.
Во однос на остварените резултати, Фондот во текот на 2023 година имаше раст од 11,9% на нето основа (со пресметани трошоци и надоместоци), додека синтетичкиот репер[1] за истиот период забележа бруто раст од 13,9% (односно 13,4% доколку се земат во предвид курсните разлики) што во суштина преставува разлика во остварувањата од 1,5% (додека само управувачкиот надомест изнесува 2,5%). Главните разлики во остварувањата можат да се забележат во последните 2 месеци од годината, а како резултат на „7 величенствени" и нивното големо учество во индексот. Во однос на главните индекси, МБИ 10 ја заврши 2023 година со раст од 8,2%, С&П500 ја заврши годината со +24,2%, Азија со +8,8%, Германија со +20,3%, Словенија со +19,1% и Русија со +43,9% (без притоа овој раст да се ефектуира поради санкциите на ЕУ и САД кон сите издавачи кои потекнуваат од Руската Федерација). Дополнителен позитивен ефект врз резултатите на Фондот во текот на 2023

[1] Синтетичкиот репер е составен од следните индекси: Barclays High Yield Bond Index, MBI10, SBITOP, CAC 40, DAX, S&P 500, MOEX, и MSCI Asia Pacific каде еднаш месечно се врши ревизија на нивното учество во синтетичкиот репер во зависност од настанатите промени во структурата на портфолиото на Фондот.

година имаа и должничките хартии од вредност (државните и корпоративни евро обврзници). Овој позитивен тренд беше посебно изразен кај високоприносните обврзници кои забележаа значителен раст на цените што директно се одрази врз приносот на Фондот.

Во следната табела се прикажани промените во изложеноста кон одредени класи на имот во изминатиот период.

**Табела 2**

| ***Инструмент*** | ***Изложеност на 31.12.2022*** | ***Промена*** | ***Изложеност на 31.12.2023*** |
|---|---|---|---|
| Акции | 49% | Зголемување | 48% |
| Обврзници | 47% | Намалување | 46% |
| Депозити | 1% | Намалување | 1% |
| Пари | 3% | Зголемување | 5% |
| | 100% | | 100% |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Во нормалниот тек на спроведување на своите деловни активности имотот на Фондот е изложен на повеќе различни ризици со различен степен на изложеност: пазарен ризик (вклучувајќи ги: ризик од курсни разлики и каматен ризик), оперативен ризик, ликвидносен ризик и кредитен ризик.

Деловните активности што Друштвото ги прави во име и за сметка на Фондот се изложени на различни ризици од финансиски карактер. Активностите на управување со финансиските ризици вклучуваат анализа, процена, прифаќање и управување со ризиците. Друштвото се стреми кон постигнување на соодветна рамнотежа меѓу ризикот и приносот и минимизација на потенцијалните негативни ефекти врз финансиската успешност на Фондот.

Политиките на Друштвото за управување со ризици имаат за цел да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да воспостават соодветни лимити и контрола на ризиците, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите преку веродостојни и современи информатички системи. Друштвото редовно врши испитување на политиките и воспоставените системи за управување со ризикот согласно со пазарните промени, промените во продуктите и најдобрата пракса.

Управувањето со ризици го врши Раководството на Друштвото во согласност со политиките одобрени од страна на Одборот на Директори. Одборот на Директори обезбедува политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики и ризикот од каматни стапки, кредитниот и ликвидносниот ризик.

### 3.1 Валутен ризик

Фондот има трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки на финансиски средства на странски или домашни пазари, при што истиот е изложен на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Официјалните девизни курсеви  користени за конверзија на ставките од Билансот на состојба искажани во странска валута во денари на 31 декември 2023 како и 31 декември 2022 се дадени во следниот преглед:

| | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР = | 61.4950 МКД | 61.4932 МКД |
| 1 УСД = | 55.6516 МКД | 57.6535 МКД |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.1 Валутен ризик (продолжува)

Изложеноста на Фондот на девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31 декември 2023 и 31 декември 2022 година по валути е следната:

| | Средства во МКД | | Обврски во МКД | |
|---|---|---|---|---|
| | **31 декември 2023** | **31 декември 2022** | **31 декември 2023** | **31 декември 2022** |
| ЕУР | 353,152,560 | 347,883,635 | 65,308 | 65,306 |
| УСД | 91,199,830 | 83,911,448 | - | 1,441 |
| Други | 9,327,526 | 8,508,991 | - | - |
| | **453,679,916** | **440,304,074** | **65,308** | **66,747** |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | Зголемувања за 10% во МКД | | Намалувања за 10% во МКД | |
|---|---|---|---|---|
| | **31 декември 2023** | **31 декември 2022** | **31 декември 2023** | **31 декември 2022** |
| ЕУР | 35,308,725 | 34,781,833 | (35,308,725) | (34,781,833) |
| УСД | 9,119,983 | 8,391,001 | (9,119,983) | (8,391,001) |
| Други | 932,753 | 850,899 | (932,753) | (850,899) |
| **Нето ефект** | **45,361,461** | **44,023,733** | **(45,361,461)** | **(44,023,733)** |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.2 Кредитен ризик

Фондот е изложен на кредитен ризик во случај кога издавачите на хартии од вредност или банките депоненти нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Фондот има политика со цел да се намали кредитниот ризик преку диверзификација на вложувањата.

*Инвестиции во хартии од вредност со фиксен приход*

На 31.12.2023 година 44.84% (2022: 44.81%) од вредноста на вкупниот имот на Фондот беше инвестирана во обврзници со следниов кредитен рејтинг:

| | 2023 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|
| ISIN | УЧЕСТВО | РЕЈТИНГ | УЧЕСТВО | РЕЈТИНГ |
| MKMINF200DE0 | 0.01% | ББ- (S&P) | 0.01% | ББ- (S&P) |
| XS1744744191 | 6.10% | ББ- (S&P) | 5.69% | ББ- (S&P) |
| XS2181690665 | 1.85% | ББ- (S&P) | 2.05% | ББ- (S&P) |
| XS2310118893 | 10.47% | ББ- (S&P) | 8.67% | ББ- (S&P) |
| XS1807201899 | 0.93% | Б (S&P) | 1.02% | Б (S&P) |
| XS1843443356 | 0.96% | Б (S&P) | 1.10% | Б (S&P) |
| XS1909184753 | 4.84% | Б (S&P) | 4.37% | Б (S&P) |
| XS2015264778 | 0.45% | ЦЦЦ (S&P) | 0.40% | ЦЦЦ+ (S&P) |
| XS2270576700 | 0.96% | Б (S&P) | 1.01% | Б (S&P) |
| XS2406936075 | 0.84% | Б+ (S&P) | 0.90% | Б+ (S&P) |
| XS1589106910 | 0.37% | н/п | 0.41% | н/п |
| XS1951067039 | 0.27% | н/п | 0.23% | н/п |
| XS2056722734 | 0.75% | ЦЦЦ (Fitch) | 0.60% | ЦЦЦ (Fitch) |
| XS2113139195 | 2.43% | БББ (S&P) | 2.73% | ББ (S&P) |
| XS2378483494 | 0.87% | н/п | 0.00% | н/п |
| MKMINF20GAG7 | 5.43% | ББ- (S&P) | 0.00% | ББ- (S&P) |
| MKMINF20GAF9 | 0.93% | ББ- (S&P) | 0.00% | ББ- (S&P) |
| XS2582522681 | 1.00% | ББ- (S&P) | 0.00% | ББ- (S&P) |
| XS2616733981 | 1.00% | ББ+ (Fitch) | 0.00% | н/п |
| XS2393240887 | 1.00% | Б- (Fitch) | 0.00% | н/п |
| XS1978209002 | 0.00% | н/п | 0.00% | н/п |
| XS1978210273 | 0.00% | н/п | 0.00% | н/п |
| XS2636412210 | 1.46% | Б+ (S&P) | 0.00% | н/п |
| XS2010026214 | 0.95% | БББ- (S&P) | 0.00% | н/п |
| MKBLBA200011 | 0.95% | н/п | 1.11% | н/п |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.2 Кредитен ризик (продолжува)

*Парични средства и парични еквиваленти*

На 31.12.2023, парите и паричните еквиваленти изнесуваат 4.85% (2022: 2.52%) од нето вредноста на Фондот. Парите и паричните средства се чуваат на денарските и девизните сметки отворени во Комерцијална банка АД Скопје (депозитарна банка) и на денарската сметка отворена во Прокредит Банка АД Скопје. Финансиската позиција на банките во која се чуваат парите на Фондот се следи континуирано.

*Депозити*

На 31.12.2023, фондот не располага со депозити (2022: 1.08% од нето вредноста на Фондот).

### 3.3 Каматен ризик

Фондот се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога вложува во должнички хартии од вредност и депозити во банки. Имотот на Фондот е изложен на ризик од промени во каматните стапки кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и паричните текови.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик во МКД на крајот од годините е како што следува:

| | **31 декември 2023** | **31 декември 2022** |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| - Парични средства | 31,174,879 | 13,959,068 |
| - Останати побарувања | 12,112,174 | 8,351,447 |
| - Останати хартии од вредност | 5,177,268 | 4,957,048 |
| - Вложувања за тргување | 307,140,368 | 272,020,332 |
| | **355,604,689** | **299,287,895** |
| *Каматоносни со променлива камата* | | |
| - Парични средства | - | - |
| - Депозити во банки | - | 6,000,000 |
| | **-** | **6,000,000** |
| *Каматоносни со фиксна камата* | | |
| - Вложувања во обврзници | 289,021,536 | 247,895,159 |
| | **289,021,536** | **247,895,159** |
| | **644,626,225** | **553,183,054** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| - Обврски кон Друштвото за управување | 1,463,745 | 1,186,021 |
| - Обврски кон депозитарна банка | 112,914 | 99,049 |
| - Останати обврски | 130,501 | 123,266 |
| | **1,707,160** | **1,408,336** |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.4 Пазарен ризик

Пазарниот ризик произлегува од можноста за незадоволителен раст или пад на вредноста на вложувањата во хартии од вредност на Фондот. Со оглед дека најголем дел од имотот на Фондот се вложува во хартии од вредност постои зголемена можност за осцилации на пазарните цени на хартиите од вредност. Политика на Фондот е диверзификација на портфолиото во различни хартии од вредност.
Фондот нема концентрација на пазарен ризик, со оглед дека не ги надминува законски утврдените лимити кај еден издавач на хартии од вредност.

### 3.5 Ликвидносен ризик

Средствата на Фондот се вложуваат во депозити и должнички хартии од вредност. Ликвидносен ризик произлегува од можноста одредена хартија од вредност да не може да се продаде на пазарот поради недоволна побарувачка за истата. Вложените средства во депозити во зависност од ликвидносните потреби можат да се повлечат во секој момент и на тој начин Друштвото може да ја спречи појавата на ликвидносни проблеми во работењето на Фондот.

Друштвото секогаш се осигурува дека има доволно готовина во Фондот на располагање за подмирување на доспеаните обврски. Сите финансиски обврски на Фондот доспеваат во рок од една година од крајот на финансиската година.

### 3.6 Оперативен ризик

Екстерните оперативни ризици се управуваат преку соодветни системи на работа и комуникација воспоставени со останатите учесници во оперативната реализација на целокупниот процес: Комисија за хартии од вредност, Комерцијална банка АД Скопје - депозитарна банка, избраните брокерски куќи и банките.

Интерните оперативни ризици се концентрирани во процесот на донесување и реализација на инвестициските одлуки, почитувањето на интерните политики, процедури и упатства и функционирањето на информациониот систем.

### 3.7 Објективна вредност на финансиски инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските инструменти е одредена на следниот начин:

1. Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со
стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;

2. Објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски (со исклучок на деривативните инструменти) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од дилерите за слични инструменти.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (Продолжува)

### 3.7 Објективна вредност на финансиски инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските инструменти е одредена на следниот начин:

1. Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;

2. Објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски (со исклучок на деривативните инструменти) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од дилерите за слични инструменти.

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на Раководството, зависно од видот на средството или обврската.

Сметководствената вредност на паричните средства и паричните еквиваленти, депозитите и останатите финансиски средства соодветствува на нивната објективна вредност со оглед дека истите вклучуваат готовина, сметки во банки и депозити со краток рок на доспевање. Објективната вредност на инструментите кои се чуваат до доспевање се одредува врз основа на ЕКС поради начинот на класификација во моментот на нивно купување.

## 4. Настани по датум на известување

Имајќи ја во предвид зголемената неизвесност, затегнатата монетарна политика, како и геополитичките тензии во светот, раководството смета дека во последователниот период ефектите од забавувањето на глобалната економска активност нема да имаат значајно влијание врз работењето, остварените резултати, и на ликвидноста на Фондот.

По датумот на известување, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи.